# С Т А Т У Т

## на

## АСОЦИЈАЦИЈА ЗА ДЕМОКРАТСКИ РАЗВОЈ НА РОМИТЕ „СОНЦЕ“

**Тетово**
**08 октомври 2005**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| А: | П.Фах 159<br>1200 Тетово, РМ | Т:<br>Ф: | + 389 (0) 44 35 23 90<br>+ 389 (0) 44 35 23 91 | Е:<br>И: | sonce@sonce.org.mk<br>www.sonce.org.mk |

Врз основа на член 5, 20 и 76 од Законот за здруженија на граѓани и фондации (Службен весник на РМ бр. 31 од 02.07.1998 година) и член 20, 21, 29 и 42 (Од Статутот на Асоцијација за демократски развој на Ромите „Сонце“), Собранието на Асоцијација за демократски развој на Ромите „Сонце“, на седницата одржана на 8 Октомври 2005, донесе:

# *С Т А Т У Т*

***на Асоцијација за демократски развој на Ромите „Сонце“***

## *О П Ш Т И  О Д Р Е Д Б И*

**Член 1**

Асоцијација за демократски развој на Ромите „Сонце“ од Тетово е здружение на граѓани во смисла на Законот за здруженија на граѓани и фондации и (Службен весник на РМ бр. 31 од 02.07.1998 година). Асоцијацијата за демократски развој на Ромите „Сонце“ е формирана за да придонесе кон демократска интеграција и ефективно учество на ромската заедница во општеството преку градење на капацитети, директна поддршка и застапување на Ромите.

**Член 2**

Асоцијација за демократски развој на Ромите „Сонце“ работи во насока на овозможување на Ромите да бидат рамноправни граѓани кои ги практикуваат правата и користат можностите гарантирани со демократскиот поредок.

**Член 3**

Асоцијација за демократски развој на Ромите „Сонце“ својата визија, мисија, стратешки определби и цели, како и својата внатрешна работа ќе ги остварува во согласност со односите утврдени со Уставот на Република Македонија, со овој Статут, како и со други законски норми кои регулираат материја од оваа област.

**Член 4**

Називот на здружението на граѓани е: Асоцијација за демократски развој на Ромите „Сонце“. Скратениот назив на здружението на граѓани е: АДРР Сонце. За меѓународна употреба ќе се користи преводот на англиски јазик: Roma Democratic Development Association “Sonce”. Скратениот назив за меѓународна употреба е: RDDA Sonce.

**Член 5**

Седиштетот на Асоцијација за демократски развој на Ромите „Сонце“ е на адреса: ул. Илирида бр. 39/14, 1200 Тетово, Република Македонија. Асоцијација за демократски развој на Ромите „Сонце“ се организира и делува на локално, национално и меѓународно ниво.

**Член 6**

Асоцијација за демократски развој на Ромите „Сонце“ е правно лице. Асоцијација за демократски развој на Ромите „Сонце“ има свој печат и штембил.

Печатот е тркалезен и го содржи името на здружението: Асоцијација за демократски развој на Ромите „Сонце“, а во средината се наоѓа амблемот на Асоцијација за демократски развој на Ромите „Сонце“.

Амблемот има кружна форма, поделена на две половини – горна и долна, од кои горната е во сина, а долната во зелена боја и во горната половина, горе-лево се наоѓа исцртано сонце – помал жолт непотполн круг со зраци (кругот на сонцето не излегува од поголемиот круг на амблемот).

Штембилот на Асоцијација за демократски развој на Ромите „Сонце“ е правоаголен со следниот текст:

Асоцијација за демократски
развој на Ромите „Сонце“
Број: ___________________
Датум: ___________________
Место: ___________________

## *ВИЗИЈА, МИСИЈА, СТРАТЕШКИ ОПРЕДЕЛБИ И ЦЕЛИ НА АДРР СОНЦЕ И НАЧИН НА НИВНО ОСТВАРУВАЊЕ*

**Член 7**

Визијата на Асоцијација за демократски развој на Ромите „Сонце“, е следната: Ромите – рамноправни граѓани кои ги практикуваат правата и користат можностите гарантирани со демократскиот поредок.

**Член 8**

Мисијата на Асоцијација за демократски развој на Ромите „Сонце“ е следната: Асоцијација за демократски развој на Ромите „Сонце“ придонесува кон демократска интеграција и ефективно учество на ромската заедница во општеството преку градење на капацитети, директна поддршка и застапување на Ромите.

**Член 9**

Стратешките определби, на кои ќе работи Асоцијација за демократски развој на Ромите „Сонце“ се следните:

1. Да се почитуваат граѓанските права на Ромите зацртани со меѓународни стандарди.
2. Да се градат образовните капацитети на Ромите во насока на нивна интеграција во општеството.
3. Ромите на локално ниво ефективно да учествуваат во донесувањето на одлуките на локалната заедница.

**Член 10**

Работата на Асоцијација за демократски развој на Ромите „Сонце“, односно тековната визија, мисија, стратешки определби, цели и начините на нивно остварување поблиску се определуваат со Стратешки План на Асоцијација за демократски развој на Ромите „Сонце“ и други документи на кои произлегуваат од овој план. Стратешкиот план и другите документи кои произлегуваат од него мора да бидат во согласност со законската регулатива и овој Статут.

## *ЧЛЕНУВАЊЕ ВО ЗДРУЖЕНИЕТО*

**Член 11**

Член на Асоцијација за демократски развој на Ромите „Сонце“ може да биде граѓанин на Република Македонија или странец кој може да даде придонес во работата на Асоцијација за демократски развој на Ромите „Сонце“.

**Член 12**

Зачленувањето во Асоцијација за демократски развој на Ромите „Сонце“ може да биде:

1. На предлог на Управниот Одбор (Собранието) или на Извршниот Одбор на Асоцијација за демократски развој на Ромите „Сонце“, или
2. Со апликација за членство на заинтересирани кандидати за членови (граѓани на Република Македонија или странци).

**Член 13**

Во случај на зачленување во Асоцијација за демократски развој на Ромите „Сонце“ според Член 12, точка 1 од овој Статут, предложеното лице станува член на Асоцијација за демократски развој на Ромите „Сонце“ со негова согласност.

Во случај на зачленување во Асоцијација за демократски развој на Ромите „Сонце“ според Член 12, точка 2 од овој Статут, апликацијата на кандидатот за член се разгледува на состанок на Управниот Одбор (Собранието) и кандидатот станува член на Асоцијација за демократски развој на Ромите „Сонце“ со одлука на Управниот Одбор (Собранието). Управниот Одбор (Собранието) одлуката за зачленување на кандидати за членови на Асоцијација за демократски развој на Ромите „Сонце“ ја донесува врз основа на потребите и можностите на Асоцијација за демократски развој на Ромите „Сонце“.

**Член 14**

Апликација за членство во Асоцијација за демократски развој на Ромите „Сонце“ е документ кој се подготвува од страна на Извршниот Одбор на Асоцијација за демократски развој на Ромите „Сонце“ и се дава на заинтересираните кандидати на нивно барање во просториите на Асоцијација за демократски развој на Ромите „Сонце“ или преку електронска комуникација. Апликацијата за членство во Асоцијација за демократски развој на Ромите „Сонце“ се разгледува на следниот состанок на Управниот Одбор (Собранието) на Асоцијација за демократски развој на Ромите „Сонце“ по доставување на целосно пополнета апликација од кандидатот. Кандидатот се информира за донесената одлука најдоцна една недела по донесувањето на одлуката.

**Член 15**

Секој член кој ќе се зачлени во Асоцијација за демократски развој на Ромите „Сонце“ добива членска книшка. Остварувањето на глас во Управниот Одбор (Собранието) на Асоцијација за демократски развој на Ромите „Сонце“ се остварува врз основа на членската книшка на членот. При истапување/исклучување на членот од членство во Асоцијација за демократски развој на Ромите „Сонце“, членската книшка задолжително се враќа во Асоцијација за демократски развој на Ромите „Сонце“.

**Член 16**

Истапувањето/исклучувањето од членство на Асоцијација за демократски развој на Ромите „Сонце“ се остварува со:

1. Доброволно истапување од членството, при што во овој случај членот го информира Извршниот Одбор на Асоцијација за демократски развој на Ромите „Сонце“, или
2. Одлука на Управниот Одбор (Собранието) на Асоцијација за демократски развој на Ромите „Сонце“, во случај кога односниот член не е активен, не постапува согласно Статутот на Асоцијација за демократски развој на Ромите „Сонце“, или на било кој начин наштетува на работата и угледот на Асоцијација за демократски развој на Ромите „Сонце“. Одлуката се донесува на состанок на Управниот Одбор (Собранието), при што е потребно да бидат изнесени релевантни аргументи за донесување на ваква одлука. Предлогот за истапување (исклучување) на член од Асоцијација за демократски развој на Ромите „Сонце“ може да биде поднесен од член на Управниот Одбор (Собранието) или член на Извршниот Одбор на Асоцијација за демократски развој на Ромите „Сонце“.

**Член 17**

Правата и обврските на членовите на Асоцијација за демократски развој на Ромите „Сонце“ се утврдени во делот кој се однесува на Управниот Одбор (Собранието) на Асоцијација за демократски развој на Ромите „Сонце“ од овој Статут, со оглед на тоа дека сите членови на Асоцијација за демократски развој на Ромите „Сонце“ го сочинуваат Управниот Одбор (Собранието) на Асоцијација за демократски развој на Ромите „Сонце“.

**Член 18**

За членството на Асоцијација за демократски развој на Ромите „Сонце“ се води Листа на членови на Асоцијација за демократски развој на Ромите „Сонце“. Оваа листа се надополнува и менува континуирано со пристапување и истапување/исклучување на членовите на Асоцијација за демократски развој на Ромите „Сонце“.

## ***ОРГАНИ, УПРАВУВАЊЕ И ДОНЕСУВАЊЕ ОДЛУКИ***

**Член 19**

Органи на Асоцијација за демократски развој на Ромите „Сонце“ се:
1. Управен Одбор
2. Извршен одбор

**Член 20**

Управниот Одбор, како највисок орган на Асоцијација за демократски развој на Ромите „Сонце“, е орган кој одлучува во Асоцијација за демократски развој на Ромите „Сонце“. Одлуките кои се на пониско ниво, односно кои произлегуваат од извршувањето на работата на Асоцијација за демократски развој на Ромите „Сонце“ се донесуваат од Извршниот Одбор.

**Член 21**

Управниот Одбот на Асоцијација за демократски развој на Ромите „Сонце“ разгледува и усвојува основни документи според кои работи Асоцијација за демократски развој на Ромите „Сонце“ и назначува и разрешува Извршен Директор на Асоцијација за демократски развој на Ромите „Сонце“. Покрај ова, во зависност од потребите на Асоцијација за демократски развој на Ромите „Сонце“, Управниот Одбор донесува и други одлуки, како одлука за формирање на Друштво со ограничена одговорност или Акционерско друштво, одлука за формирање на ограноци или

подружници, одлука за преместување на седиштето, одлука за промена на називот, одлука за набавка на основни средства, итн. Управниот Одбор е надлежен и за надзорот на работата на Асоцијација за демократски развој на Ромите „Сонце“, односно ја следи и контролира работата на Извршниот Одбор и спроведувањето на одлуките и основнит документи. По потреба и во зависност од можностите можат да се назначат и надворешни физички или правни лица за ревидирање на програмската и финансиската работа на Асоцијација за демократски развој на Ромите „Сонце“.

**Член 22**

Управниот Одбор на Асоцијација за демократски развој на Ромите „Сонце“ го претставува Собранието на Асоцијација за демократски развој на Ромите „Сонце“ во смисла на Законот за здруженија на граѓани и фондации. Управниот Одбор е највисок орган на Асоцијација за демократски развој на Ромите „Сонце“.

Управниот Одбор на Асоцијација за демократски развој на Ромите „Сонце“ го сочинуваат сите членови на Асоцијација за демократски развој на Ромите „Сонце“, поради што мандатот на неговите членови е неограничен, односно секој член на Асоцијација за демократски развој на Ромите „Сонце“ е член и на Управниот Одбор додека трае неговото членство во Асоцијација за демократски развој на Ромите „Сонце“.

Бројот на членови на Управниот Одбор се движи од 5 до 11, во зависност од потребите и можностите на Асоцијација за демократски развој на Ромите „Сонце“. Овој број го одредува Управниот Одбор, при што истиот мора да биде непарен (5, 7, 9, 11).

**Член 23**

Управниот Одбор на Асоцијација за демократски развој на Ромите „Сонце“ се состанува редовно на секои три месеци и по потреба. Состаноците по потреба се свикуваат од страна на Извршниот Одбор.

Состаноците на Управниот Одбор ги организира Извршниот Одбор на Асоцијација за демократски развој на Ромите „Сонце“. Состаноците на Управниот Одбор можат да се организираат како стандардни состаноци со присуство на членовите на заеднички состанок, или преку електронска комуникација (конференција). На состаноците на Управниот Одбор можат да присуствуваат и лица кои не се членови на Управниот Одбор во зависност од потребите. Ова особено се однесува на членовите на Извршниот Одбор.

Еднаш годишно Асоцијација за демократски развој на Ромите „Сонце“ одржува Годишно Собрание. На Годишното Собрание присуствуваат членовите на Управниот Одбор (Собранието), членовите на Извршниот Одбор и други лица како гости на Годишното Собрание.

**Член 24**

Со состаноците на Управниот Одбор претседава Претседавач на Управниот Одбор. Претседавачот на Управниот Одбор е еден од членовите на Управниот Одбор. Претседавачот на Управниот Одбор го избираат членовите на Управниот Одбор на Годишно Собрание. Мандатот на претседавачот на Управниот Одбор е една година, со тоа што е можен повеќекратен реизбор. Во случај на истапување/исклучување на Претседавачот на Управниот Одбор од членство, на следниот состанок на Управниот Одбор се избира нов Претседавач.

**Член 25**

Право на глас во Управниот Одбор на Асоцијација за демократски развој на Ромите „Сонце“ се остварува со членска книшка (се гласа со подигање на членската книшка на членот). Управниот Одбор полноправно одлучува ако се присутни повеќе од

една половина од вкупниот број членови на Управниот Одбор. Одлуките по правило се донесуваат со мнозинство гласови од присутните претставници.

**Член 26**

Извршниот Одбор на Асоцијација за демократски развој на Ромите „Сонце“ е извршен орган, односно орган кој ги спроведува одлуките на Управниот Одбор и ги извршува определбите зацртани со основните документи на Асоцијација за демократски развој на Ромите „Сонце“. Покрај ова, Извршниот Одбор ги подготвува основните документи за работа на Асоцијација за демократски развој на Ромите „Сонце“ и дава и други предлози за расправа на Управниот Одбор.

Извршниот Одбор донесува одлуки за извршувањето на својата работа. Извршниот Одбор е одговорен пред Управниот Одбор на Асоцијација за демократски развој на Ромите „Сонце“.

**Член 27**

Извршниот Одбор на Асоцијација за демократски развој на Ромите „Сонце“ мора да има Извршен Директор. Извршниот Директор на Асоцијација за демократски развој на Ромите „Сонце“ е директно одговорен пред Управниот Одбор за работата на Асоцијација за демократски развој на Ромите „Сонце“. Извршниот Директор се назначува и разрешува од страна на Управниот Одбор. За функцијата Извршен Директор не смее да се назначи член на Управниот Одбор. Извршниот Директор нема назначен мандат, односно се назначува и разрешува по потреба, а на одлука на Управниот Одбор.

Покрај Извршниот Директор, Извршниот Одбор може да има и други членови. За составот на Извршниот Одбор (број на лица, функции, мандати, итн) одлучува Управниот Одбор врз основа на потребите за реализација на работата на Асоцијација за демократски развој на Ромите „Сонце“. Другите членови на Извршниот Одбор ги назначува и разрешува Извршниот Директор во консултации со Управниот Одбор. За било која функција од составот на Извршниот Одбор не смее да се назначи член на Управниот Одбор.

Извршниот Директор раководи со севкупната работа на Асоцијација за демократски развој на Ромите „Сонце“ и ги делегира обврските на останатите членови од Извршниот Одбор. Другите членови на Извршниот Одбор се директно одговорни пред Извршниот Директор, освен кога Извршниот Директор назначува други членови на Извршниот Одбор како надлежни за одредени работи. Другите членови на Извршниот Одбор се одговорни за извршување на одговорностите и надлежностите кои им се назначени од страна на Извршниот Директор.

**Член 28**

Извршниот Одбор на Асоцијација за демократски развој на Ромите „Сонце“ се состанува редовно еднаш месечно и по потреба. Состаноците на Извршниот Одбор ги свикува, организира и раководи Извршниот Директор. На состаноците на Извршниот Одбор мора да присуствува Извршниот Директор. Останатите присутни на состаноците на Извршниот Одбор зависат од потребите и се повикуваат од Извршниот Директор.

**Член 29**

Основните документи сопред кои работи Асоцијација за демократски развој на Ромите „Сонце“ се подготвуваат и спроведуваат од страна на Извршниот Одбор под раководство на Извршниот Директор, а се разгледуваат и усвојуваат од страна на Управниот Одбор, доколку поинаку не е назначено во овој Статут или одлучено со одлука на Управниот Одбор. Основни документи се следните:

1. Статут на Асоцијација за демократски развој на Ромите „Сонце“ – се надополнува и менува по потреба, на одлука на Управниот Одбор.
2. Стратешки план на Асоцијација за демократски развој на Ромите „Сонце“ – се донесува за период од 3 до 5 години, а тековниот се ревидира еднаш годишно.
3. Годишна програма на Асоцијација за демократски развој на Ромите „Сонце“ – се донесува секоја година, а се ревидира на секои три месеци.
4. Годишен буџет на Асоцијација за демократски развој на Ромите „Сонце“ – се донесува секоја година, а се ревидира на секои три месеци.
5. Годишен извештај на Асоцијација за демократски развој на Ромите „Сонце“.
6. Годишна завршна сметка на Асоцијација за демократски развој на Ромите „Сонце“ – ја подготвува книговодител (книговодствено претпријатие) назначен од Извршниот Директор за водење на финансиските работи на Асоцијација за демократски развој на Ромите „Сонце“.
7. Годишен финансиски извештај на Асоцијација за демократски развој на Ромите „Сонце“ – при подготовката, Извршниот Одбор се консултира со книговодител (книговодствено претпријатие) назначен од Извршниот Директор за водење на финансиските работи на Асоцијација за демократски развој на Ромите „Сонце“.
8. Правилници за работа (финансиски, за набавки, за патувања, за дневници, за плати, деловодници, деловници, и други документи потребни за административно – финансиско работење) – не се усвојуваат, само се разгледуваат од Управниот Одбор; по нив Управниот Одбор дискутира и ги усвојува доколку за тоа увиди потреба.
9. Специфични програми за одредени области на работа на Асоцијација за демократски развој на Ромите „Сонце“ (програми по стратешки приоритети, програми за градење на капацитетите, програми за волонтери, итн) – за овие програми Управниот Одбор може да ја префрли својата надлежност за разгледување и усвојување на Извршниот Директор, односно Извршниот Одбор.
10. Предлог проекти, договори за проекти, извештаи од проекти и други документи поврзани со работа на проекти.
11. Договори за соработка и други договори кои вклучуваат трети лица – се подготвуваат во соработка со инволвираните страни.
12. Конкурси за работа, описи на работни места, договори за работа, записници, извештаи, сертификати и друго поврзано со внатрешното управување, како и други документи во правниот промет на Асоцијација за демократски развој на Ромите „Сонце“.

## *ПРЕТСТАВУВАЊЕ И ЗАСТАПУВАЊЕ*

### Член 30

Асоцијација за демократски развој на Ромите „Сонце“ во правниот промет и пред трети лица е застапувана и претставувана од Извршниот Директор на Асоцијација за демократски развој на Ромите „Сонце“. Извршниот Директор може да назначува и други лица за да ја застапуваат и претставуваат Асоцијацијата за демократски развој на Ромите „Сонце“ во зависност од потребите.

Извршниот Директор е потписник на сметка на Асоцијација за демократски развој на Ромите „Сонце“. Доколку постои потреба за повеќе потписници на сметката на Асоцијација за демократски развој на Ромите „Сонце“ истото се предлага до Управниот Одбор кој е надлежен за донесување на одлука за потписници на сметка.

Извршниот Директор е надлежен за правилна примена на законските и статутарните прописи од областите на дејствување во кои работи Асоцијација за демократски развој на Ромите „Сонце“.

Извршниот Директор потпишува договори, спогодби, сертификати, признанија и друга документација кон трети лица.

## *ОСТВАРУВАЊЕ НА ЈАВНОСТ ВО РАБОТАТА*

**Член 31**

Работата на Асоцијација за демократски развој на Ромите „Сонце“ е јавна.

Јавноста во работењето се обезбедува со редовно известување на члeновите на Асоцијација за демократски развој на Ромите „Сонце“ преку редовни состаноци и преку електронска комуникација.

Асоцијација за демократски развој на Ромите „Сонце“ исто така редовно ги информира и своите партнери и соработници на начин утврден со документите за соработка со истите.

Асоцијација за демократски развој на Ромите „Сонце“ редовно ги информира своите донатори, спонзори и други даватели на средства, на начин утврден во меѓусебен договор.

Пошироката јавност се информира за работата на Асоцијација за демократски развој на Ромите „Сонце“ преку различни средства за јавно информирање (електронски и пишани медиуми), во зависност од потребите и можностите.

Целата документација за работата на Асоцијација за демократски развој на Ромите „Сонце“ е достапна за увид на заинтересирани страни, при што не е дозволено привремено или постојано отуѓување на документацијата од архивата на Асоцијација за демократски развој на Ромите „Сонце“.

**Член 32**

Пошироката јавност, особено ромската популација и другите специфични целни групи по програми и проекти на Асоцијација за демократски развој на Ромите „Сонце“ исто така е вклучена и во насочувањето на работата на Асоцијација за демократски развој на Ромите „Сонце“. Ова се реализира така што при донесувањето на насоките за работа на Асоцијација за демократски развој на Ромите „Сонце“, односно при подготовката и усвојувањето на различни документи со кои се одредува работата на Асоцијација за демократски развој на Ромите „Сонце“ се консултира пошироката јавност. Консултациите се одвиваат на различни начини кои опфаќаат користење на литература (информации) од различни извори, испитување на мислењето преку анкети, работилници и други видови настани, поединечно или групно вклучување на претставници на пошироката јавност во подготовката на документите за одредување на работата, итн. Ова се реализира во зависност од потребите и можностите, а особено при подготовката на клучните документи, како Стратешки план, Годишни програми и предлог проекти на Асоцијација за демократски развој на Ромите „Сонце“.

**Член 33**

Покрај начините за вклучување и информирање на јавноста за работата на Асоцијација за демократски развој на Ромите „Сонце“ опишани во член 30 и 31 од овој Статут, Асоцијација за демократски развој на Ромите „Сонце“ редовно подготвува информации за својата работа преку други основни документи, како Годишен извештај, Годишна завршна сметка, Годишен финансиски извештај и други периодични документи за известување. Ваквите документи во зависност од потребите и можностите се публикуваат и дистрибуираат кон пошироката јавност.

## *ФИНАНСИРАЊЕ*

**Член 34**

Асоцијација за демократски развој на Ромите „Сонце“ стекнува добра во вид на:

- парични средства
- материјални средства и имот

- услуги
- консултации
- права

Добрата кои ги стекнува Асоцијација за демократски развој на Ромите „Сонце“ можат да бидат добиени од домашни и странски физички и правни лица, стопански субјект основан од страна на Асоцијација за демократски развој на Ромите „Сонце“, од продажба на услуги и предмети поврзани со дејноста на Асоцијација за демократски развој на Ромите „Сонце“ и од буџет на државни структури.

**Член 35**

Паричните средства кои ги добива Асоцијација за демократски развој на Ромите „Сонце“ се депонираат на жиро-сметка отворена во банка овластена за ваква дејност. Потписник на жиро-сметката е Извршниот Директор на Асоцијација за демократски развој на Ромите „Сонце“, а по потреба можат да се назначат и други потписници со одлука на Управниот Одбор.

За работата со паричните средства Асоцијација за демократски развој на Ромите „Сонце“ ангажира книговодител (книговодствено претпријатие) надлежен за банкарски трансфери, подигање и депонирање на средства, работа со финансиска документација, изработка на годишна завршна сметка и консултации за изработка на Годишен финансиски извештај на Асоцијација за демократски развој на Ромите „Сонце“.

Во согласност со потребите и можностите на Асоцијација за демократски развој на Ромите „Сонце“, може да се ангажира надворешна ревизорска куќа за ревизија на финансиската работа на Асоцијација за демократски развој на Ромите „Сонце“.

**Член 36**

За материјалните средства кои ги добива и ги поседува Асоцијација за демократски развој на Ромите „Сонце“ се прави попис и материјалните средства се означуваат со систем на ознаки. Со материјалните средства се раководи според правилник за работа со материјални средства, во кој се опишани начините на користење, амортизација, расходување, чување на документација од набавка, позајмување, изнајмување и друго поврзано со работа со материјалните средства.

**Член 37**

За работа со парични и материјални средства Асоцијација за демократски развој на Ромите „Сонце“ подготвува Годишен буџет.

**Член 38**

Добрата кои ги стекнува Асоцијација за демократски развој на Ромите „Сонце“ се користат исклучително за остварување на визијата, мисијата и стратешките определби и сите програмски определби и документи кои произлегуваат од нив, како и за потребите на управувањето и администрацијата на Асоцијација за демократски развој на Ромите „Сонце“.

Добрата кои ги стекнува Асоцијација за демократски развој на Ромите „Сонце“ особено не смеат да се употребуваат како профит кој неосновано се дели помеѓу лица на различен начин поврзани со Асоцијација за демократски развој на Ромите „Сонце“ или за потреби на политички партии и изборни кампањи.

## *П Р Е С Т А Н О К Н А З Д Р У Ж Е Н И Е Т О*

**Член 39**

Асоцијација за демократски развој на Ромите „Сонце“ ќе престане со работа ако:

- за тоа одлучи Управниот Одбор со двотретинско мнозинство,
- ако боројот на членовите се намали под бројот определен за основање,
- ако настапат причини утвредни со Законот за здруженија на граѓани и фондации.

**Член 40**

По престанок на работата на Здружението, имотот и другите права и приходи што остануваат по намирувањето на обврските, преминуваат во сопственост на друго здружение на граѓани со сличен Статут и програмски определби, а со одлука на Управниот Одбор.

## *П Р Е О Д Н И И З А В Р Ш Н И О Д Р Е Д Б И*

**Член 41**

Право на толкување на одредбите на овој Статут има Управниот Одбор на Асоцијација за демократски развој на Ромите „Сонце“. Управниот Одбор може ова право да го делегира на Извршниот Одбор на Асоцијација за демократски развој на Ромите „Сонце“.

**Член 42**

Измени и дополнувања на овој Статут се вршат по иста постапка како и за неговото донесување.

**Член 43**

Овој Статут влегува во сила на денот на неговото донесување од страна на Управниот Одбор на Асоцијација за демократски развој на Ромите „Сонце“.

***Извршен Директор на***
***Асоцијација за демократски***
***развој на Ромите „Сонце“***